# ПРОДОЛЖУВАМЕ

# ТУТЕЛА И СЕМЕЈСТВОТО -3

**Почитувани членови на ЗИЗ Тутела,**

Во истиот период како и пред КОВИД годините, и оваа година, на ден **02.06.2024 г. (недела)**, со почеток од **10:00 часот**, **ЗИЗ Тутела и Хотел ,,Брана Градче" – Кочани**, **Ве поканувааат** на **третиот** еднодневен **Пикник "ТУТЕЛА И СЕМЕЈСТВОТО - 3".**

Целта на овој настан е членовите на ЗИЗ Тутела, заедно со своите семејства, да присуствуваат на заедничко дружење, каде од една страна, нашата иднина (децата) преку одредени активности ќе ги запознаеме со областа БЗР и соработниците на нивните родители во делот на БЗР, а од друга страна како колеги, ќе поминеме неколку часа заедно.

На настанот ЗИЗ Тутела и Хотел ,,Брана Градче" – Кочани, организираат заеднички ручек за присутните, на база, **"што нарачаш, тоа ќе си платиш".**

Би напомнале дека на присутните членови кои ќе се пријават во наведениот рок, ќе им доставиме дополнителна информација за поволностите кои се договорени со Хотел ,,Брана Градче" – Кочани, во делот на ручекот, како и активностите кои се планирани за присутните на настанот.

**Сите заинтересирани членови за присуство, потребно е да ја пополнат Пријавата и да ја достават на e-mail ziztutela5@gmail.com или ziztutela@gmail.com најдоцна до 16:00 часот на ден 29.05.2024 година.**

ПРЕВОЗОТ Е ВО СОПСТВЕНА РЕЖИЈА НА УЧЕСНИЦИТЕ.

**Сите поволности зависат од бројот на заинтересирани за присуство.**

Дополнителни информации на тел 070 235 466

ВЕ ОЧЕКУВАМЕ, се гледаме во Хотел ,,Брана Градче" – Кочани.

Поздрав,

ЗИЗ ТУТЕЛА

# ПРОДОЛЖУВАМЕ

# ТУТЕЛА И СЕМЕЈСТВОТО -3



Хотелот се наоѓа на 6 километри северно од градот Кочани. Лоциран е на 550 метри надморска височина, која е уникатна местоположба за одмор и релаксација. Хотелот се наоѓа покрај езерото Градче, кое можете да го користите за кајакарење, возење велосипед, прошетки или џогирање, а може и риболов, во зависност од сезоната.



Хотелот располага со велосипеди и кајаци, кои може да ги користите. Интересни се водопадите над самото езеро, кои задолжитлено треба да ги посетите. Имено, изградени се во 1958 година во функција на помошна брана за да спречи надоаѓање на водите од планината. Но, со текот на времето од надојдените гранки, камење и замја, почнала помошната брана да се полни со почва и лека полека се создал прекрасен водопад од дванаесетина метри.





Самото место шири спокој и мир. Боровата шума ги отвара градите, а погледот кон природата и езерото ги остава секојдневните проблеми настрана.

Одличната место положба која нуди планинско пешачење, велосипедизам по планинаски патеки, прошетки и посета на знаменитости поврзани со обичајното, културното и историското наследство.